Друштво за трговија, производство и услуги ПРОМЕДИКА ДООЕЛ
Бр. 0901-2210/21
18.11.2021 год.
СКОПЈЕ

Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0304-1238/1
17.11.2021 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
**за јавна набавка на стоки**
**Оглас: 18440/2021**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **ЈЗУ Универзитетска Клиника за неврологија**, ул. Водњанска бр.17, Скопје застапувана од Мед.Директор Доц.Д.р- Иван Барбов и В.Д. организациски директор Д-р.Алајдин Хавзиу од една страна, и
2. **ДТПУ ПРОМЕДИКА ДООЕЛ, СКОПЈЕ**, адреса: ул. Свети Кирил и Методиј бр.50, Скопје со ЕМБС **5120276** застапуван(о) од Управител-Одговорно лице: Лузевски Ристо, (во понатамошниот текст Носител на набавката - Добавувач) од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој Договор за јавна набавка се стоки за набавка на

**Лек-botulinum toxin**

**Количина- 17000 Е (единици)**

По делови,според техничка спецификација дадена во тендерска документација и прифатената понуда на добавувачот која е составен дел на овој договор.

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик. Јазик на целата комуникација во писмена форма помегу договорните страни е на Македонски јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Вкупната цена на стоките без ДДВ: 585.650,00 денари

ДДВ: 29.282,50 денари

**Вкупна цена со ДДВ: 614.932,50 денари.**

Единечната цена на стоките е дадена во прифатената понуда на добавувачот.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Договорот се склучува за период од една година со важност од 365 дена. Договорот ќе се смета за склучен со потпишување од двете договорени страни.

## VI. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА УСЛУГИТЕ

**Член 5**

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот во рок од 7 дена од денот на доставеното требување на лекот за тој месец во Аптеката на ЈЗУУ Клиника за Неврологија - Скопје, по месечни требувања од клиниката , да го има на лагер постојано. Договорниот орган го задржува правото да не ја нарача целокупната количина која е предмет на договорот.

**Лице задолжено за реализација на договорот: Дипл.Фарм.Мр.Бранка Пашалиска Цветков-078 251 791**

## VII. ДОВЕРЛИВОСТ И ЗАШТИТА НА ИНФОРМАЦИИ

**Член 6**

Договорните страни за време на важноста на овој Договор и по неговото раскинување се обврзани да ги :

- чуваат и штитат најмалку со истиот степен и грижа со кој што ги штити своите информации од слична природа;